КЗЗ.бр.11/2017

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - претседател на советот и судиите: Ристо Катевеновски, м-р Фаик Арслани, д-р Џемали Саити и Рахилка Стојковска - членови на советот, со виш судски соработник Марина Ташковска - записничар, одлучувајќи по барањето за заштита на законитоста поднесено од Јавниот обвинител на Република Македонија КОЗ.бр.71/2017 од 27.03.2017 година, против решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, по одржаната седница на ден 08.05.2017 година, во присуство на Јавниот обвинител на Република Македонија Ацо Колевски, согласно член 461 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ" бр.150/10 и 100/12), на седницата на советот одржана на ден 11.05.2017 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Барањето за заштита на законитоста подигнато од Јавниот обвинител на Република Македонија КОЗ.бр.71/2017 од 27.03.2017 година,

СЕ УВАЖУВА Решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје I Скопје преку судијата на претходна постапка со решението КПП.бр.144/17 од 02.03.2017 година, го одбил предлогот за определување мерка притвор против осомничениот С.К. од С., со генералии како во изреката на решението, поднесен од страна на ОЈО С. НКС-КО.бр.4/17 од 28.02.2017 година поради основано сомнение дека осомничениот сторил кривично дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик.

Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје со решението КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година, ја уважил жалбата изјавена од Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои роизлегуваат

од содржината на незаконското следење на комуникациите НКС-КО.бр.4/17 од 03.03.2017 година и го преиначил решението на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КПП.бр.144/17 од 02.03.2017 година, на начин што го уважил предлогот за определување мерка притвор против осомничениот С.К. од С., поднесен од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НКС-КО.бр.4/17 од 28.02.2017 година. Против осомничениот С.К. од С., со генералии како во изреката на решението, била определена мерка притвор во траење од 30 - триесет дена сметано од денот на неговото пронаоѓање и лишување од слобода, поради основано сомнение дека осомничениот сторил кривично дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, а поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точки 1, 2 и 3 од Законот за кривичната постапка. Судот им наложил на овластените службени лица од МВР на РМ, СВР С., ОЕКР, Единица, Одделение С., по пронаоѓање и лишување од слобода на осомничениот С.К., да го спроведат на издржување на мерката притвор во КПУ З. С. - С., а за истото веднаш да биде известен Основниот суд Скопје I Скопје.

Апелациониот суд Скопје со решението КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, делумно ја уважил жалбата на осомничениот С.К. од С., изјавена преку бранителот Никола Додевски, адвокат од С. и го преиначил решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година, на начин што делумно го уважил предлогот за определување мерка притвор против осомничениот С.К. од С., поднесен од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НКС-КО.бр.4/17 од 28.02.2017 година. Против осомничениот С.К. од С., со генералии како во изреката на решението, била определена мерка притвор во траење од 30 - триесет дена сметано од денот на неговото пронаоѓање и лишување од слобода, поради основано сомнение дека осомничениот сторил кривично дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, а поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка. Судот им наложил на овластените службени лица од МВР на РМ, СВР С., ОЕКР, Единица, Одделение С., по пронаоѓање и лишување од слобода на осомничениот С.К., да го спроведат на издржување на мерката притвор во КПУ З. С. - С., а за истото веднаш да биде известен Основниот суд Скопје I Скопје.

Јавниот обвинител на Република Македонија, постапувајќи во рамките на своите законски овластувања, согласно член 457 од Законот за кривичната постапка, до Врховниот суд на Република Македонија поднесе барање за заштита на законитоста КОЗ.бр.71/2017 од 27.03.2017 година, против решението на Кривичниот совет при

Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, поради повреда на законот од член 415 став 2 во врска со член 442 и член 134 став 5, член 415 став 1 точка 11 во врска со член 167 став 1 точка 3 и член 167 став 2 точка 1 од Законот за кривичната постапка. Предлага барањето да се уважи, побиваните решенија да се укинат и предметот да биде вратен на повторно постапување и одлучување.

Врховниот суд на Република Македонија, по увидот во списите приложени кон предметот, наводите и предлогот во барањето за заштита на законитоста, имајќи го при тоа предвид предлогот на Јавниот обвинител на Република Македонија Ацо Колевски, изнесен пред советот на овој суд, кој во целост остана при наводите истакнати во барањето за заштита на законитоста, најде:

Барањето за заштита на законитоста е основано.

Основани се наводите истакнати во барањето за заштита на законитоста, дека со решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, повреден е законот од член 415 став 2 во врска со член 442 и член 134 став 5 од Законот за кривичната постапка.

По извршениот увид во списите на предметот, Врховниот суд на Република Македонија, констатираше дека решението на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КПП.бр.144/17 од 02.03.2017 година, со кое е одбиен предлогот за определување мерка притвор против осомничениот С.К. од С., поради основано сомнение дека осомничениот сторил кривично дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, содржи поука дека е дозволена жалба во рок од 24 часа до кривичниот совет на истиот суд од член 25 став 5 од Законот за кривичната постапка, која не го задржува извршувањето на решението.

Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје со решението КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година, постапувајќи по повод изјавената жалба, го преиначил првостепеното решение на судијата на претходна постапка, на начин што против осомничениот С.К. од С., определил мерка притвор во траење од 30 - триесет дена сметано од денот на неговото пронаоѓање и лишување од слобода, поради основано сомнение дека сторил кривично дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, а поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точки 1, 2 и 3 од Законот за кривичната постапка.

Наведеното решение содржи поука за правото на жалба во рок од 24 часа до Апелациониот суд Скопје, при што се наведува дека жалбата

не го задржува извршувањето на решението. На тој начин, кривичниот совет сторил повреда на законот од член 415 став 2 од Законот за кривичната постапка, бидејќи не ги применил одредбите од член 442 и член 134 став 5 од Законот за кривичната постапка, а тоа влијаело или можело да влијае врз законитото и правилното донесување на одлуката.

Имено, според одредбата од член 442 од Законот за кривичната постапка, жалбата како редовен правен лек има суспензивен карактер, што подразбира дека ако со Законот за кривичната постапка поинаку не е определено, изјавената жалба го одлага извршувањето на оспореното решение.

Со одредбата од член 169 став 3 од Законот за кривичната постапка, суспензивното дејство на жалбата се дерогира само по однос на жалбата изјавена против решението на судијата на претходна постапка, со кое се одбива предлогот за определување притвор, а која се изјавува до советот од членот 25 став 5 на истиот закон, бидејќи изречно е предвидено дека жалбата не го задржува извршувањето на решението. По однос на жалбата изјавена против решението на советот од членот 25 став 5 на овој закон, со кое се определува притвор, а за која одлучува советот на повисокиот суд, нема изречна одредба која предвидува дека жалбата не го задржува извршувањето на решението, што значи дека таквата жалба сепак има суспензивно дејство согласно член 442 од Законот за кривичната постапка.

Во конкретниот случај, кривичниот совет на првостепениот суд сторил повреда на наведените одредби, на начин што дал правна поука за правото на жалба која не го задржува извршувањето на решението, без да има законски основ за тоа, занемарувајќи го суспензивниот карактер на жалбата. Во тој контекст, сторена е и повреда на член 134 став 5 од Законот за кривичната постапка, според кој ако со овој закон поинаку не е определено, решенијата се извршуваат кога ќе станат правосилни. Во конкретниот случај, имајќи го предвид суспензивното дејство на жалбата, решението на Кривичниот совет не станало правосилно, меѓутоа и покрај тоа, судот не само што дал погрешна поука, туку и им наложил на овластените службени лица од МВР на РМ, да преземат мерки за пронаоѓање и лишување од слобода на осомничениот С.К., со цел да го спроведат на издржување на мерката притвор во КПУ З. С. – С..

Основано во поднесеното барање за заштита на законитоста се укажува и на сторена повреда на законот од член 415 став 1 точка 11 во врска со член 167 став 1 точка 3 и член 167 став 2 точка 1 од Законот за кривичната постапка, бидејќи оспореното решение на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје, со кое против осомничениот С.К. била определена мерка притвор, не ги содржи сите елементи предвидени во законот, поради што истото е нејасно и неразбирливо, односно непотполно во поглед на причините за решителните факти.

Според оценката на овој суд, оспореното решение на првостепениот суд за определување притвор не содржи доволно факти и докази од кои произлегува основано сомневање дека осомничениот го сторил кривичното дело - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство од член 275-в став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Со одредбата од член 167 од Законот за кривичната постапка, таксативно се наведени сите елементи кои решението за притвор треба да ги содржи, а кои не се во целост опфатени со оспореното решение, поради што истото е незаконито и неподобно за испитување, како што основано се укажува во поднесеното барање за заштита на законитоста.

Постапувајќи по жалбата изјавена од осомничениот С.К. од С., Апелациониот суд Скопје со решението КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, делумно ја уважил жалбата и го преиначил решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година, на начин што делумно го уважил предлогот за определување мерка притвор поднесен од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НКС-КО.бр.4/17 од 28.02.2017 година и определил мерка притвор против осомничениот С.К. од С., во траење од 30 - триесет дена сметано од денот на неговото пронаоѓање и лишување од слобода, а поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

Според оценката на овој суд, со решението на Апелациониот суд Скопје не се отстранети недостатоците на кои се укажува во поднесеното барање за заштита на законитоста, ниту пак истото содржи факти и докази од кои произлегува основано сомневање дека осомничениот го сторил кривичното дело, што е основен предуслов за определување на мерка притвор. Само доколку е исполнет таквиот предуслов и доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, судот може да се впушти во оценка на постоењето на основите за определување притвор од член 165 став 1 точки 1, 2 и 3 од Законот за кривичната постапка.

Во конкретниот случај, судот става акцент само на причините кои укажуваат на опасност од бегство на осомничениот, без да се впушти во оценка на постоењето на основано сомневање дека осомничениот го сторил кривичното дело, како основен предуслов за определување на мерка притвор.

Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека иако постапката е во почетна фаза, во која се работи на обезбедување на докази во поткрепа на обвинението, сепак за да биде определена мерката притвор, судот мора да има доволно докази и факти кои укажуваат на основано сомневање дека е сторено кривично дело. Во спротивно, мерката притвор како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и за непречено водење на кривичната постапка, не може да

биде определена, независно од постоењето на посебните законски основи.

Видно од списите на предметот на Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година, јавниот обвинител ниту се повикал на факти, ниту доставил било каков доказ за утврдување на постоење на факти кои укажуваат дека постои основано сомневање дека осомничениот го сторил кривичното дело кое му се става на товар.

Поради наведеното, следуваше барањето за заштита на законитоста да се уважи, решението на Кривичниот совет при Основниот суд Скопје I Скопје КС.бр.41/17 од 07.03.2017 година и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.135/17 од 15.03.2017 година, да се укинат и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Првостепениот суд при повторното одлучување, ќе треба да ги има предвид укажувањата на овој суд, да ја отстрани констатираната повреда на законот, по што да донесе правилна и законита одлука.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 11.05.2017 година под Кзз.бр.11/2017.

Виш судски соработник-записничар
Марина Ташковска с.р.

Претседател на судот -советот
Јово Вангеловски с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,